ФЗОМ
ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА
www.fzo.org.mk

Адреса: Македонија 6б, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 000
Централа.: 02 3289 000
Факс: 02 3289 048
Е-пошта: info@fzo.org.mk

# Дообјаснување за скратена постапка за издавање на ЕЗК

Целта на воведувањето на ревидираното групно барање за ЕЗК (ГБК1) е да се забрза процедурата за издавање на ЕЗК за поголема група на осигуреници. Подносителот на барањето гарантира за точноста на податоците што се наоѓаат во групното барање. Со тоа се избегнува прибирање и приложување на поединечни БК за секој осигуреник во групното барање.

Фондот за здравствено осигурување на заинтересираните фирми (со над 20 вработени) ќе ги понуди постоечките податоци(Име ,Име на родител, Презиме) за нивните осигуреници од својата база на податоци по претходно официјално барање на фирмата во кое потребно е и да назначи овластено лице за контакт и да назначи дали обврзникот поднесува барање со скратена или регуларна постапка за издавање на ЕЗК
Пополнувањето на ГБК1 од страна на фирмите ќе се сведе на ревизија на добиените податоци и нивна корекција. Корекцијата на податоците се врши во подрачните служби на ФЗОМ со ЗО-1 образец за промена на податоци.

Одговорноста за точноста на податоците и за последиците што може да произлезат од погрешно внесени податоци е на овластеното лице кое го поднесува барањето. Фондот за здравствено осигурување на Македонија не одговара за евентуалните грешки во картичките, вклучувајќи ги и материјалните последици од издавањето на картичката со погрешни податоци

Секое групно барање за ЕЗК задолжително е проследено со достава на електронски фајл и испечатена и верификувана листа на подносителите на барањето за ЕЗК. Начинот на пополнување на електронскиот фајл е опишан на web страната на Фондот.